**КОМЕНТАР НА ОСТВАРЕНИОТ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ 01.01-31.12.2023**

МАКЕДОНИЈА Осигурување ад Виена Иншуренс Груп во периодот од Јануари -Декември 2023 година оствари позитивен финансиски резултат во износ од 37,2 мил. Во истиот период 2022 година финансискиот резултат изнесува 40 мил.

Во тековната 2023 во однос на истиот период 2022 година има зголемување кај вкупните приходи и кај вкупните трошоци. Вкупните приходи во 2023 година се зголемени за 14,4% додека вкупните расходи бележат зголемување од 15,6%. Зголемувањето е приходите се должи на приходи од заработената премија кои изнесуваат околу 75% од вкупните приходи и приходи од вложувања во најголем дел од капитална добивка од продажба на финансиски средства. Бруто-полисираната премија во 2023 година бележи раст во однос на минатата година од 23.1 %, односно 159 милиони денари, од кои - значителен пораст кај здравствено осигурување во износ од 93.6 милиони денари. Кај имотните класи на осигурување се оствари пораст во износ од 49.2 милиони денари со што се зацврсти овој вид на осигурување како доминантен во портфелот на нашето Друштво. Кај останатите класи е стабилен портфелот во текот на 2023 година.

Најголемо движење во вкупните трошоци бележат трошоците од настанати штети. Настанатите нето штети бележат зголемување од 25,6% или во апсолутен износ 67,8 милиони денари и тоа најмногу во осигурувањата од имоти и здравствено.

**Сметководствени политики**

Друштвото во текот на деловната 2023 година нема промена на сметководствените политики споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи.

**Дивиденда**

Во текот на 2023 година МАКЕДОНИЈА Осигурување ад Скопје ВИГ исплати дивиденда за 2021 и 2022 во износ од 62,3 милл. согласно дивидендниот календар.

**Кредитни задолжувања**

Друштвото нема проблем со ликвидноста и нема никакви кредитни задолженија.

**Исполнување на планот и очекувања за претстојниот период**

Во текот на 2023 година се Друштвото започна постапка за статусни промени и се потпиша спогодбата за присоединување врз основа на која АД за осигурување ВИНЕР – ВИГ - Скопје како друштво што се присоединува, се присоединува кон АД за осигурување и реосигурување Македонија осигурување – Скопје – ВИГ како

друштво што превзема со универзален пренос на целокупниот имот, права и обврски на друштвото што се присоединува, во замена за акции од друштвото што превзема во согласност со позитивното законодавство. Очекуваме оваа постапка успешно да се заврши во текот на 2024 и во зависност од добивањето на потребните согласности од државните регулатори, целосно да биде спроведена во првата половина од годината.

Според планот за 2024 година, очекуваме зголемување на бруто-полисираната премија во однос на остварената во 2023 година за над 4%, како и одреден пораст на добивката до 25% од истата. Во зависност од завршување на споменатата постапка за присоединување  планот соодветно ќе се зголеми за истиот релативен износ како оригиналниот план за раст на Друштвото.

Наплатата на достасаните побарувања има благ пораст за посочениот период во однос на истиот период лани. Компанијата работи со клиенти кои се долгогодишни корисници на нашите услуги. Превземените мерки и активности се во рамките на постоечките процеси и процедури на наплата на премија.

Во делот на приходи од вложување се очекува придвижување во согласност со макроекономското окружување.

Друштвото нема проблеми со солвентноста и ликвидноста. Се превземаат активности со динамиката на исплата на постоечките обврските. Раководството има мандат за спроведување на сите мерки и активности.

Друштвото има висок износ на задржана добивка и високи резерви за сигурност, како и капитал.

**МАКЕДОНИЈА Осигурување а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп е Друштво котирано на подсегментот задолжителна котација на Македонска берза и согласно глава VI од Правилата за котација преку СЕИ-Нет објавува квартални, полугодишни и годишни финансиски извештаи.**